03-40/6
29.12.22

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), а по овластување на ВД Директорот на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар, согласно Решение број 01-61/4 од 21.01.2022 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер изјавено од

по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 29.12.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер од** пратено до ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар како имател на информации заведено под бр. 03-40/4 од 15.12.2022 година **СЕ УВАЖУВА**.
2. ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар позитивно одговара на Барањето и го информира барателот дека поднесеното барање претставува барање за пристап до информации од јавен карактер.

### *Образложение*

на 15.12.2022 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер пратено до ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар како имател на информации, заведено во архивата на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар под бр. 03-40/4 од 15.12.2022 година, со кое побара да му биде доставена следната информација:

1. Дали учениците од 1 до 5 одделение добија печатени учебници?
2. Кои учебници најчесто недостигаат кај учениците од 6 до 9 одделение?
3. Дали сте се обратиле до МОН и БРО да достават учебници во вашето училиште?
4. Дали имате недостаток од други неопходни средства за работа во вашето училиште

Постапувајќи по ова Барање за пристап до информации од јавен карактер, ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар Ве информира за следното:

1. Под т.1 – учениците од 1 до 4 одделение од ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар добија учебници по македонски јазик, математика и природни науки, а учениците од 5 одделение добија учебници по историја и општество, математика и по природни науки.
2. Под т.2 – Во нашето училиште за учениците од 6 до 9 одделение недостигаат следните учебници:
   - 6 одд – историја, географија, германски јазик, англиски јазик
   - 7 одд – историја, географија, музичко образование
   - 8 одд – македонски јазик, германски јазик, географија, историја
   - 9 одд – македонски јазик, германски јазик, географија, историја, музичко образование
3. Под т.3 –ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар пред почеток на секоја учебна година доставува до МОН – Педагошка служба, порачка со потребни учебници согласно бројот на учениците по паралелки
4. Под т.4 –ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар тековно секоја година врши набавка на наставни средства и наставни помагала за успешна реализација на воспитно – образовниот процес..

Согласно погоре наведеното, ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар на 29.12.2022 година, под бр.03-40/6.

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Мерлина Русева

Доставено до:
- архива на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар
- барател на информацијата